**Известување за концентрација со која Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје ќе стекне контрола врз Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски орефабрикати,станови,индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје**

**(предмет бр. 08-185 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.„Методија Андонов Ченто” бр.3, Скопје има намера да стекне контрола над Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски орефабрикати,станови,индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје, со регистрирано седиште на ул.„Аца Шопов’ бр. 76 Скопје-Ѓорче Петров, по пат на купродажба на акции.

-**Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје** согласно тековната состојба е друштво кое врши дејност во областа на трговија на мало со моторни горива и мазива.

- **Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски орефабрикати,станови,индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје**-основна дејност е изградба на станбени и нестанбени згради.

-Друштво за трговија и услуги КАРПОШ УНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со регистрирано седиште на ул.„Аца Шопов’ бр. 76 Скопје-Ѓорче Петров е во целосна сопственост на Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски орефабрикати,станови,индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје, а согласно тековната состојба основна дејност на друштвото е изградба на станбени и нестанбени згради.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19,12.2025 година